**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 12-107/2

Скопје 17.01.2023 г.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-107/1 од 11.01.2023 година, поднесено од барателот на информација Институт за европска политика - Скопје, со седиште на [illegible], e-mail: [illegible], на ден 17.01.2023 година донесе

**РЕШЕНИЕ**

**1. ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-107/1 од 11.01.2023 година, поднесено од барателот на информација [illegible] со кое се бараат следните информации од јавен карактер, и тоа:

Дали за временскиот период од 01.10.2022 до 31.12.2022 година:

- имате констатирано напад на новинари/и?
- имате констатирано говор на омраза?

**2. СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, и тоа:

2.1. Дали за временскиот период од 01.10.2022 до 31.12.2022 година имате констатирано напад на новинари/и?

Во период од 01.10.2022 до 31.12.2022 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во шест наврати реагираше за недозволено и недолично однесување кон новинари, и тоа:

- на 26 октомври, најостро беше осуден физичкиот напад врз сопственикот на „Буревесник" Зоран Божиновски.

Објавата е достапна на следниот линк: https://avmu.mk/2022/10/26/%d0%be%d1%81%d1%83%d0%b4%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d1%84%d0%b8%d0%b7%d1%87%d0%ba%d0%b8%d0%be%d1%82-%d0%bd%d0%b0%d0%bf%d0%b0%d0%b4-%d0%b2%d1%80%d0%b7-%d0%b7%d0%be%d1%80%d0%b0%d0%bd-%d0%b1%d0%be%d0%b6%d0%b8/

- на 15 ноември, најостро беше осуден вербалниот и физички напад врз новинарската екипа на ТВ 24 Вести.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18)

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Соопштението за осудата е достапно на следниот линк: https://avmu.mk/2022/11/15/%d0%be%d1%81%d1%83%d0%b4%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d0%bf%d0%b0%d0%b4%d0%be%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%80%d1%81%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b5%d0%ba%d0%b8%d0%bf-3/

- на 26 ноември, најостро беше осуден недоличниот однос на директорот на топланата Скопје-Север, Куштрим Рамадани кон новинарката Катерина Додевска на порталот „МКД.мк“.

Објавата е достапна на следниот линк: https://avmu.mk/2022/11/26/%d1%81%d0%be%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%be%d1%81%d1%82-32/

- на 28 ноември, Агенцијата реагираше за однесувањето на поранешниот министер за правда, Аднан Јашари, кој побарал од новинарка на „Фокус“ да избрише текст поврзан со полагањето правосуден испит од страна на синот на претседателот на Собранието Талат Џафери.

Соопштението е достапно на следниот линк: https://avmu.mk/2022/11/28/%d1%81%d0%be%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%be%d1%81%d1%82-33/

- на 9 декември, реакција беше испратена за непрофесионалниот однос на генералниот секретар на градот Скопје Зоран Глигоров, кој за време на прес конференција одби да даде одговори на новинарски прашања со образложение дека имал други обврски.

Соопштението е достапно на следниот линк: https://avmu.mk/2022/12/09/%d1%81%d0%be%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%be%d1%81%d1%82-34/

- на 9 декември, Агенцијата реагираше во врска со барањето на припадници на полицијата, новинарката Фазиле Халили од ТВ 21 да ги избрише видео записите направени за време на протестот поврзан со блокадите на приватните превозници.

Соопштението за реакцијата е достапно на следниот линк: https://avmu.mk/2022/12/09/%d1%81%d0%be%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%be%d1%81%d1%82-35/

2.2. Дали за временскиот период од 01.10.2022 до 31.12.2022 година имате констатирано говор на омраза?

Во периодот од 01.10.2022 до 31.12.2022 година, од страна на Агенцијата, на програмите на радиодифузерите нема констатирано говор на омраза за чие ширење би бил одговорен медиумот, ниту разгледувала претставки во тој контекст. Потсетуваме дека Агенцијата, како регулаторно тело кое врши програмски надзор според одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, има надлежност само врз програмите на давателите на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, односно на радиодифузерите (радио и телевизија) и аудиовизуелните медиумски услуги по барање. Надзорот врз евентуалната појава на говорот на омраза се врши како вонреден надзор кој се презема или врз основа на претставка или по службена должност. Извештаите од надзорите за ова прашање, кои се спроведени врз основа на поднесена претставка Агенцијата ги објавува на својата веб страна, на https://avmu.mk/pretstavka-reakcija/

## Образложение

До Агенцијата како имател на информации, од барателот на информација Институт за европска политика, со седиште на [redacted] поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-107/1 од 11.01.2023 година, со кое се бараат информации од јавен карактер кои се наведени во точка 1 на диспозитивот на ова Решение.

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата, утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараните информации, кои се наведени во точка 2 од диспозитивот на ова Решение.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

______________________
Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

______________________
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**
- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.